СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***јуни 2015 година***
***ЕУЦ-број 12/2015***

## ДЕБАТА И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Council of the European Union

Министрите за надворешни работи на состанокот на Советот на ЕУ одржан на 22 јуни годинава дебатираа и за ситуацијата во Република Македонија.
Советот за општи работи на ЕУ на состанокот на 23 јуни годинава усвои *заклучоци* за Република Македонија. Во заклучоците, Советот искажа крајна загриженост за ситуацијата во земјата, односно за актуелната политичка криза.Советот ги забележа позитивните напори на партиските лидери на неодамнешните состаноци да побараат и да најдат решение. Советот го одбележа како значаен првичен чекор за справување со политичката криза, договорот постигнат во Скопје на 2 јуни, за кој смета дека е основата за натамошните дискусии. Советот ги поттикнува сите политички партии, во интерес на граѓаните и на целата земја, да ја преземат својата одговорност и да преземат итни мерки за одржливо решение, конструктивно да се вклучат во политичкиот дијалог и да ги продолжат напорите за враќање на довербата во институциите.
Советот ги повикува сите политички партии да го почитуваат договорот од 2 јуни и да ги спроведат сите препораки на Комисијата, почнувајќи со итните реформски приоритети во однос на системското владеење на правото, потврдени со и произлегувајќи од сегашната политичка криза, вклучувајќи ги тука прашањата за прекршување на основните права, за независноста на судството, за слободата на медиумите, за изборите, за корупцијата, за партизацијата на државните институции, за замаглувањата и неуспехот за надзор во поделбата држава-партија. Спроведувањето на овие препораки ќе биде непосредно набљудувано од Комисијата.
Се бара итна реформа на изборното законодавство согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР која, во согласност со почетните системски реформи, ќе доведе до еднакви услови за изборен натпревар пред следните избори, чие што слободно и непопречено спроведување би било јасен сигнал за реформите во овој поглед. Уште повеќе, потребна е итна, длабока и независна истрага за објавените материјали и за секое кривично дело, со целосна посветеност кон севкупниот процес, кон независноста на судството и кон претпоставката за невиност.
Советот на ЕУ ја очекува седницата на Советот за стабилизација и асоцијација која ќе се одржи во јули, од која ќе очекува детален извештај за конкретните чекори превземени и планирани во следниве месеци.
Нагласувајќи ја потребата Република Македонија да направи брз и суштински напредок кон исполнување на итните реформски приоритети, во рамката на договорените услови и во склад со заклучоците од 16 декември 2014 година и земајќи ги предвид заклучоците од 21 април 2015 година, Советот повторно го нагласи континуираниот ангажман на ЕУ, вклучувајќи ги притоа редовните извештаи од страна на Комисијата и Европската служба за надворешни работи за состојбата во земјата, *inter alia* за итните реформски приоритети и за посветеноста на земјата за европската перспектива, како и за процесот на проширување на ЕУ кој што се подразбира од кандидатскиот статус на земјата.
http://www.consilium.europa.eu/en/meetings/fac/2015/06/22/
http://www.consilium.europa.eu/en/meetings/gac/2015/06/23/

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Дебата и заклучоци за Република Македонија | 1 |
| Европска комисија - итни реформски приоритети за Република Македонија | 2 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Состанок на комитетот за стабилизација и асоцијација РМ-ЕУ | 3 |
| ЦЕИ - Министерски состанок во Охрид | 3 |
| Европска кохезиона политика | 4 |
| Европски денови на развојот 2015 | 5 |
| Парламентарни избори во Данска | 5 |
| Нов закон за шпионажа во Франција | 6 |
| Иницијативи за зајакнување на социјалната политика на ЕУ | 6 |
| Вонредни мерки на ЕУ за прием на мигранти | 7 |
| Презентирани приоритетите на Луксембург за новото претседателство со ЕУ | 7 |
| Зелен договор - Британија | 8 |
| Први Европски игри - Баку 2015 | 8 |
| Европска зелена недела 2015 | 9 |
| ЕУ календар/јули 2015 | 9 |

## ЕВРОПСКА КОМИСИЈА - ИТНИ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 17 јуни годинава во Брисел, Европскиот комесар за соседска политика и преговори за проширување Јоханес Хан, на Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими му предаде Листа на итни реформски активности за Република Македоија и Препораките од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите објавени пролетта 2015 година.

За содржината на документите, повеќе на официјалната интернет локација на Комесарот Хан:
http://ec.europa.eu/commission/2014-2019/hahn/announcements/

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

*Пленарна седница 8-11 јуни 2015, Стразбур*



***«Одложено гласањето за препораките на Европскиот парламент до преговарачите за Трансатланскиот договор за трговија и инвестиции меѓу ЕУ и САД»***

Односите меѓу Европската унија и Русија беа на врвот на приоритетите на дневниот ред на седницата на Европскиот парламент. Со две одделни резолуции европратениците ја повикаа ЕУ да одржи единствен став во односите со Русија, во контекст на анексијата на Крим и модернизацијата на руската флота на Црното море. Европратениците ја повикаа Комисијата и Европската служба за надворешно дејствување, да изградат заедничка ЕУ стратегија за регионот.

Европскиот парламент гласаше за препораките, Договорот од Доха за намалување на стакленичките гасови до 2020, да се ратификува до крајот на годината.

Европратениците побараа Комисијата да ја процени ситуацијата на демократијата, владеењето на правото и основните права во Унгарија, во контекст на изјавите на унгарскиот премиер Виктор Орбан, за можноста од воведување на смртната казна во земјата.

Претседателот на Европскиот параламент Мартин Шулц, го одложи гласањето за препораките на Европскиот парламент до преговарачите за Трансатланскиот договор за трговија и инвестиции меѓу ЕУ и САД, со оглед на повеќе од 200 поднесени амандмани и барања за одделно гласање. Комитетот за меѓународна трговија во ЕП, ќе треба да ги разгледа сите поднесени измени по извештајот на известителот Бернд Ланге.

Во однос на Турција, Парламентот истакна дека земјата треба да ја почитува слободата на медиумите и изразувањето, како и независноста на судството. Реформите треба да бидат во центарот на домашната политика.

Европскиот парламент повика на политика на нулта толеранција кога станува збор за корупција во спортот, имаќи предвид дека покренатите обвиненија за корупција во ФИФА, сериозно наштетија на кредибилитетот и интегритетот на светскиот фудбал.

Европратениците усвоија резолуција за Европската стратегијата за родова еднаквост за периодот по 2015 година, при тоа побараа појасни цели и поефикасно следење на стратегијата.

Европскиот парламент побара од Комисијата да воведе нови алатки за справување со фалсификувана стока, продажба на лажни производи преку онлајн платформи и зголемената вклученост на организираниот криминал во земјите надвор од ЕУ.

Европратениците побараа нова правна рамка за борба против прекршувања на правата на интелектуална сопственост на интернет во ЕУ.

http://www.europarl.europa.eu/news/

## СОСТАНОК НА КОМИТЕТОТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА



На 17 јуни годинава во Брисел, се одржа 12-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ. Состанокот на Комитетот заокружи циклус на секторски поткомитети во рамките на ССА од крајот на 2014 година. За резултатите од состанокот на Комитетот ќе се извести Советот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се состане на 20 јули 2015 година.

Комитетот за стабилизација и асоцијација го разгледа исполнувањето на политичките критериуми во изминатиот период, како и спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во поглед на континуираната политичка криза и политичкиот развој во изминатите месеци, прегледот на Комитетот за спроведувањето на реформите за пристапување се концентрираше на одредени области од правда и внатрешни работи, фундаментални права, вклучувајќи ги и слободата на медиумите и реформата на јавната администрација.

Во текот на состанокот беа дискутирани повеќе политички и економски случувања, а Комисијата ги презентираше итните реформски приоритети кои треба да се посвети внимание во наредните месеци.

Двете страни расправаа и за можностите за натамошно подобрување на работните структури за ССА и методи насочени кон насочување и подобрување на ефикасноста на тековниот дијалог.

http://www.sep.gov.mk/

---

## ЦЕНТРАЛНО-ЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА - МИНИСТЕРСКИ СОСТАНОК ВО ОХРИД




На 15 јуни годинава во Охрид се одржа состанок на министрите за надворешни работи на земјите-членки на Централната Европска Иницијатива (ЦЕИ).

Во рамки на Состанокот се одржа и работен појадок на високи претставници на државите од Западен Балкан, каде се разговараше за инфраструктурно поврзување на регионот како главен фактор за економски развој на Западен Балкан, особено преку регионалните проекти со можност за искористување на средства од ЕУ за реализација на енергетски и инфраструктурни проекти, а се дискутираше и за улогата на невладиниот сектор и можноста за негово активирање за засилени евроатлански интеграции што се приоритет на земјите од регионот.

Како особено актуелна тема во регионот, се отвори и темата за миграциските проблеми.

На состанокот присуствуваа министри за надворешни работи и шефови на делегации од државите-членки на ЦЕИ Македонија, Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка, Молдавија, Црна Гора, Полска, Романија, Србија, Словачка, Унгарија, Италија, Словенија и Украина.

Во своето обраќање Министерот Попоски во улога на актуелен претседавач особено ја истакна конструктивната улога на Република Македонија во рамки на регионалната соработка како и искористувањето на можностите што ги нуди Иницијативата.

Република Македонија годинава е претседавач со ЦЕИ.

Централната Европска Иницијатива е основана во 1989 година и претставува регионален меѓувладин форум посветен на поддршка на европската интеграција преку соработката со државите-членки. Ги комбинира мултилатералната дипломатија и проектниот менаџмент, двострано и како донор и како реципиент, истовремено премостувајќи ги европските макро- региони.

http://www.mfa.gov.mk/

## ПОДОБРО ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА И УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ ОД ЕВРОПСКАТА КОХЕЗИОНА ПОЛИТИКА



***« На земјите-членки на ЕУ, регионите и градовите, ќе им бидат достапни 351 милијарди евра од кохезионата политика на ЕУ во периодот од 2014 до 2020 година »***

Во перидот од 2014-2020 година на земјите-членки на ЕУ, регионите и градовите, ќе им бидат достапни 351 милијарди евра од кохезионата политика на ЕУ (преку Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Кохезиониот фонд).

Од клучно значење е средствата квалитетно да се вложат и да се управуваат. Дел од доделените средства за периодот 2007-2013, допрва треба да се вложат.

Европската комисија има намера да им помогне на земјите-членки да обезбедат квалитетни инвестиции и правилно трошење на средствата на квалитетни проекти во корист на граѓаните. Од овие причини во фокусот на кохезионата политика на ЕУ за периодот 2014-2020 е зајакнување на административните капацитети за унапредување на вложувањата на средства и управувањето со фондовите.

Иницијативата за подобро спроведување на кохезионата политика на ЕУ се состои од следниот пристап:

- Работна група за подобро спроведување, преку основање на работни тимови ќе обезбеди поддршка на националните и регионалните администрации за квалитетно спроведување на преостанатите инвестиции од периодот 2017-2013;
- Градење на административни капацитети во земјите-членки и регионите, за програмите за перидот 2014-2020, преку II фаза на дејствување на работната група како и со помош на мерки за размена на вештини, експерти и техничка помош;
- Европскиот комесар за регионална политика Корина Крету, има намера да ги испита причините кај регионите со ниска стапка на економски развој или регионите кои неколку последователни години бележат негативен раст на БДП;
- Комисијата формира група на експерти кои ќе извршат независна проценка колку државите ги поедноставиле правилата како и дефинирање на идни можности за поедноставување.

Вниманието на работната група во моментот е насочено на земјите-членки кои имат ниво на апсорпција на средства под просекот на ЕУ: Бугарија Хрватска, Чешка, Унгарија, Италија, Романија, Словачка и Словенија. Состојбата е таква што може да се доведе до отповикување или губење на веќе доделени или планирани средства. Кај некои од земјите-членки забележано е доцнење во спроведувањето на големи инфраструктурни проекти особено во областа на транспортот и заштитата на животната средина.

Некои од земјите-членки имаат потешкотии кај административните капацитети.

Работната група е одговорна за подготвување на акциски планови за секоја од земјите-членки или за ревизија на постојните планови кои веќе се спроведуваат.

Кохезионата политика дејствува врз принципот на поделба на управувањето помеѓу Комисијата и локалните и националните тела кои управуваат со средствата во земјите-членки.

За перидот 2014-2020, фокусот е насочен кон градење на административни капацитети кај земјите-членки, за целосно прилагодување на новите барања за користење на европските структурни и инвестициски фонови, со цел ефикасно спроведување на инвестициските програми и постигнување најдобри резултати.

http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-5128_en.htm

## ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА РАЗВОЈОТ - 2015

Во Брисел на 3 и 4 јуни годинава се одржа Европскиот форум за глобален развој и соработка со што се одбележаа Европските денови на развојот - 2015. На настанот присуствуваа околу 5.000 учесници - високи претставници на Комисијата, претседатели на парламенти, претставници на меѓународни невладини организации и од бизнис секторот.
Настанот се одржа во време кога иднината на планетата се соочува со големи предизвици - Конференцијата за финансирање на развојот која ќе се одржи во јули годинава и на која се очекува да се донесат клучни одлуки за натамошните чекори во однос на Милениумските развојни цели. Исто така, во септември ќе се одржи Генералното собрание на ОН, а во декември се очекува да се воспостават нови амбициозни цели во борба против глобалното затоплување.
Мотото на Европските денови на развојот - 2015 беше "Нашиот свет, нашето достоинство, нашата иднина". Во дебатата на форумот учествуваа повеќе од 500 говорници, експерти, креатори на одлуки, меѓу кои претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер, од Фондацијата на Бил и Мелинда Гејтс, кралицата на Белгија, претседателот на 69-то Генерално собрание на ОН, Денис Муквеге добитник на наградата Сахаров за слобода на мислата во 2014 година. Учесниците од повеќе од 140 земји кои претставуваа 1200 организации, имаа можност да разговараат како да се создаде одржлив раст и развивање на заедничка визија за универзалните и основните права.

***Светски млади лидери***
Младите луѓе од целиот свет на возраст од 21-26 години беа поканети да се приклучат на дебатата за развојата политика и меѓународната соработка. Од 172 апликанти од цел свет беа избрани 14 млади идни лидери чиј глас се слуша во политичките дебати. Како претставник од Европа беше избран Даниел Михајловски од СОС-Детско село, заедно со уште двајца млади лидери од Германија и Франција. На 27 мај годинава, Генералниот секретар на ОН Бан Ки-мун го прогласи Даниел Михајловски за еден од 14 светски млади лидери. Даниел како иден млад лидер, говореше на форумот на панел дискусијата на тема - промовирање на социјалното претприемништво и решавање на проблемите со невработеноста на младите. Даниел е роден во 1991 година во Битола, уште како многу мал останал без родители. Тој е активен во повеќе проекти на невладини организации, особено за социјално претприемништво и поддршка за вработување на деца од маргинализирани категории.
http://eudevdays.eu/
http://www.eudevdays.eu/youth/futureleaders

***« На 27 мај годинава, Генералниот секретар на ОН Бан Ки-мун го прогласи Даниел Михајловски за еден од 14 светски млади лидери »***



## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ДАНСКА

Во Данска избран **е** нов состав на Парламентот (Folketing). Главната битка на парламентарните избори кои се одржаа на 18 јуни годинава се водеше помеѓу владејачката левоцентристичка коалиција на премиерката Хеле Торнинг-Шмит, предводена од данската Социјалдемократска партија и опозискиот десноцентристички блок, што го предводеше поранешниот премиер Ларс Локе Расмусен .
Блокот на опозициски партии на чело со Расмусен - кој беше премиер во периодот 2009-2011 година, со ветување дека ќе ја намали имиграцијата во земјата и која бара референдум за членство во Унијата, по пребројувањето на гласовите, во Данска извојува победа над владеачката коалиција на парламентарните избори.
Десничарската народна партија (ДПП) сега е втора најголема партија во парламентот, кои заедно со Либералната партија освоија 90 места со што има мнозинство во парламентот. Владејачката левичарска коалиција предводена од Торнинг-Шмит освои 85 места во парламентот кој е составен од 179 пратенички места.
Гренланд и Фарските острови се претставени со по двајца пратеници.
Според проценките на парламентарните избори во Данска излезноста изнесувала 85,8%.
http://www.thedanishparliament.dk/
http://www.euractiv.com/



## ФРАНЦИЈА - НОВ ЗАКОН ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ



Францускиот парламент на 24 јуни годинава усвои нов закон за разузнавање. Француските медиуми известуваа за наводите на Викиликс дека американската разузнавачка агенција го прислушувала актуелниот претседател на Франција Франсоа Оланд и неговите двајца претходници.Законот бил подготвуван од 2014 година, но неговата изработка се забрзала по терористичките во Париз на 7 и 9 јануари каде загинаа 17 лица во Париз.Текстот на новиот пропис дефинира спектар на мисии на службите за разузнавање, од предупредување за можен атентат, превенција на тероризам до економска шпионажа, режими на овластување, контрола на техники за следење, прислушување, камери, програми за следење и пристап до податоци за телекомуникациски врски. Група од стотина парламентарци кои се против законот покренаа оценување на уставноста пред Уставниот совет на Франција. Советот досега три пати се состанал во однос на законот. Законот наиде на сериозни критики во јавноста поради ризикот од масовно следење на граѓаните.На меѓународната сцена загриженост изразија Советот на Европа и ОБСЕ. На недостаток на регулатива покажува и праксата на американската НСА, која според тајните документи објавени на Викиликс ги прислушувала сегашниот француски претседател Франсоа Оланд, како и неговите двајца претходници Никола Саркози и Жак Ширак, како и Германскиот канцелар Ангела Меркел.

Националниот дигитален совет, независно советодавно тело, се изјасни против законот. Според Советот, законот не обезбедува доволно гаранции во однос на слободите и истиот не се покажа ефикасен во САД.

http://www.ndtv.com/world-news/

## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ




Европската комисија на 9 јуни годинава одржа дебата за тоа како социјалната политика на ЕУ најдобро може да се справи со социјалните предизвици и вработувањето во Европа.

Во политичките насоки на претседателот на Комисијата, Жан Клод Јункер истакната е потребата за социјална праведност со цел зајакнување на принципите на европската социјална пазарна економија. Во фокусот на дебатата беа економската и социјалната состојба и улогата на големиот број на политички инструменти на ЕУ, од кои:

-подобра координација на политиките,

-зајакнување на вклученоста на социјалните партнери на ниво на ЕУ и на национално ниво,

-модернизација на вработувањето во ЕУ и социјалната легислатива, и

-инструменти за финансирање во ЕУ, (како Европскиот социјален фонд), подобрување на вештините на луѓето и поддршка за создавање на работни места, особено за младите луѓе преку Иницијативата за вработување.

Неколку нови иницијативи на Комисијата, се во фаза на подготовка, согласно предвидените активности во Програмата за работа на Комисијата за 2015. Во текот на летото ќе биде претставена препорака за интеграција на долгорочно невработени лица, а пакетот за мобилност на работната сила е предвиден до крајот на годината. За прв пат после кризата, се очекува раст на економиите кај земјите-членки, но сепак ќе биде потребно време за целосно подобрување кое би се почувствувало на пазарот на трудот. Клучниот предизвик е справување со невработеноста, која останува многу висока кај младите и кај долгорочно невработените лица: 23,5 милиони луѓе се невработени во ЕУ, од кои 4,7 милиони се млади луѓе на возраст од 15-24 години.

Кризата ја помести ЕУ далеку од целите за вработување и сиромаштија, предвидени во Стратегијата Европа 2020. Денес, околу 1/4 од населението на ЕУ (24,5%) е во ризик од сиромаштија или исклученост. Стапката на вработеност (возраст 20-64) се намали од 70,3% во 2008 на 69,2% во 2014, во однос на целта на ЕУ за 75% во 2020 година.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-15-5132_en.htm

## ВОНРЕДНИ МЕРКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА МИГРАНТИТЕ



Европскиот совет на состанокот на 25 и 26 јуни годинава се фокусираше на три клучни димензии: релокација// реадмисија/реинтеграција и соработка со земјите на потекло и транзит.
Според податоците објавени од Европската агенција за гранична контрола Фронтекс, повеќе од 100.000 луѓе илегално влегле на територијата на ЕУ од почетокот на годината, преку Средоземното Море и Турција.
Во Унгарија годинава влегле околу 61.000 илегални мигранти. Министерот за надворешни работи на Унгарија, Петер Сијарто на 24 јуни изјави дека владата во Будимпешта одлучила да изгради привремена ограда на границата со Србија со што би се спречил влезот на мигрантите.
Во контекст на настанатата ситуација и посветеноста за зајакнување на солидарноста и одговорноста, Европскиот совет постигна договор за следниве поврзани мерки:

- релокација на околу 40.000 бегалци за период од две години од првите позиции на земјите-членки Италија и Грција кои се со јасна потреба од меѓународна заштита во сите земји членки, освен Велика Британија;
- одлука за дистрибуција на овие лица која ќе биде прифатена со консензус до крајот на јули;
- поставување на приемни точки на првите позиции во земјите-членки, со активна поддршка на експерти на земјите-членки и на EASO, Фронтекс и Еуропол да се обезбеди брза идентификација, регистрација и земање отпечатоци на мигрантите;
- итно обезбедување на финансиска помош на првите позиции на земјите -членки за помош во ублажувањето на трошоците за прием и обработка на апликации за меѓународна заштита; и
- спогодба со која сите земји-членки ќе учествуваат вклучително и преку мултилатералните и национални шеми во повторното населување на 20.000 раселени лица со јасна потреба од меѓународна заштита, како одраз на одредени состојби на земјите-членки.

За распределба на бегалците министрите за внатрешни работи ќе дискутираат на 9-ти и 10-ти јули во Луксембург, а мерката треба да стапи на сила кон крајот на јули.

http://www.consilium.europa.eu/en/meetings/european-council/2015/06/25-26/

## ЛУКСЕМБУРГ - ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ 2015

На 11 јуни 2015 година министерот за надворешни и европски работи на Луксембург, Жан Аселборн пред пратениците ги презентираше седумте приоритети од претстојното претседателство со Советот на ЕУ.
Од 1 јули до 31 декември 2015 година, Големото Војводство Луксембург по дванаесетти пат ќе го превземе ротирачкото претседателство со Советот на Европската унија.

.lu
eu2015lu.eu

*Приоритети на Претседателството на Луксембург со Советот на ЕУ :*

- стимулирање на инвестициите за зголемување на растот и вработувањето;
- продлабочување на социјалната димензија на Европската унија;
- управување со миграцијата, преку комбинирање на слобода, правда и безбедност;
- ревитализирање на Единствениот пазар, со фокус на неговата дигитална димензија;
- лоцирање на конкурентноста на Европа во глобалната и транспарентна рамка;
- промовирање на ставот за одржлив развој и
- зајакнување на присуството на Европската унија во светот.

Претседателството со Советот на ЕУ претставува голем предизвик за една земја -членка. Исто така претставува одлична можност земјата да учествува во креирањето на европската политика и формулирање на приоритетите на Унијата.

## ВЕЛИКА БРИТАНИЈА - ЗЕЛЕН ДОГОВОР



Европскиот суд на правдата на 4 јуни 2015 година во Луксембург, согласно наводите на Европската комисија, донесе пресуда против Велика Британија за пониската стапка на ДДВ за реновирање на енергетски неефикасни домови. Ова е во спротивност и ја нарушува европската директивата за ДДВ.
Велика Британија ужива намалена стапка за инсталација и вградување на енергетски ефикасни материјали на објектите за домување. Програмата „Зелен договор“ со фонд од 700 милиони евра има за цел да допринесе за остварување на климатските цели дозволувајќи реновирањето на домовите да биде надоместено во форма на намалување на сметките за електрична енергија.
Реновирањето на објектите за домување за зголемување на енергетската ефикасност претставува еден од најдобрите начини да се намали потрошувачката, да се зголеми енергетската безбедност и борба против климатските промени.
Во согласност со мислењето на Комисијата намалена стапка на ДДВ може да се примени само на трансакции поврзани со социјални станови. Велика Британија мора да преземе итни мерки за почитување на пресудата, а Комисијата ќе ја следи внимателно имлементацијата на ова прашање.
Целта за поддршка на заштедата на енергија сама по себе е поддржана од страна на Комисијата. Постојат и други начини за промоција на инсталацијата на енергетски ефикасни материјали кои се во согласност со правото на ЕУ, на пр. преку директни субвенции.
Комисијата има намера да ја наметне својата визија за посебен ДДВ режим, следната година.
За секоја реформа и измена во оваа област потребна е едногласна поддршка во Советот на ЕУ.

http://www.euractiv.com/sections/energy/uks-green-vat-ruled-illegal-eu-judges-

## ПРВИ ЕВРОПСКИ ИГРИ - БАКУ 2015

Главниот град на Азербејџан, Баку беше домаќин на првите Европски игри кои се одржаа од 18 до 28 јуни годинава.
На 41-то Генерално собрание на Европскиот олимписки комитет, на 8 декември 2012 година во Рим беше одлучено да се одржат првите Европски игри. Собранието со присуство на 49 национални олимписки комитети, одлучи градот Баку да биде организатор на првите игри.
По 30 месеци подготовки за игрите, олимпискиот стадион во Баку беше местото кое ги обедини спортистите од Европа. Церемонијата на отварањето на првите Европски игри се одржа на 12 јуни на олимпискиот стадион со над 60.000 посетители.
Македонската делегација на игрите ја претставија 45 спортисти. На свеченото отварање македонското знаме го носеше каратистот Емил Павлов.
На игрите во 20 спортови учествуваа околу 6000 спортисти од 50 држави од Европа.

http://www.baku2015.com/

## ЕВРОПСКА ЗЕЛЕНА НЕДЕЛА - 2015

Од 3-5 јуни годинава во Брисел се одржа конференција за европската политика на животна средина "Зелена недела 2015“. Темата на конференцијата беше природата и биодиверзитетот. На конференцијата беа разгледани причините поради кои животинските видови се доведени на работ на изчезнување, како и за начините како ќе се влијае за зачувување на на биолошкиот диверзитет.

Според новиот извештај на Европската комисија, на околу 15 % од птиците и 7,5% од сите морски видови риби во Европа, се под сериозна опасност од изумирање. Според истражувањата, бројот на различни видови на риби е во опаѓање поради прекумерниот риболов, промена на користење на земјиштето, загадувањето, развојот на инфраструктурата и климатските промени. Ајкулите и морските ражи се најмногу загрозени видови, при што на 40,4% од нив им се заканува изумирање. Кај птиците, 13% од 533 видови (односно 67) се под закана на исчезнување. Превземените мерки и иницијативи на ЕУ, сепак придонесле за позитивни разултати кај 20 видови кои претходно биле класифицирани како загрозени видови, како што е случајот со далматинскиот пеликан, црниот јастреб и малиот сокол.

Во Стратегијата за биолошки диверзитет на ЕУ поставени се сет на акции за зачувување на биолошката разновидност и екосистемите до 2020 година.

Комисијата врши среднорочна оценка на стратегијата, со цел идентификување на можни области за подобрување. Исто така, Комисијата врши ревизија на законодавството за природата.

http://ec.europa.eu/environment/greenweek/




---

*ЕУ КАЛЕНДАР/ јули 2015*

1.*Пленарна седница на Европскиот парламент, 6-9 јуни 2015, Стразбур*
2.*Четврта годишна конференција, Агенција за соработка на енергетските регулатори (ACER), 9 јули 2015во Брдо, Словенија.*



## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*